

# КАРПОШ
## неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: СЕКТОР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ И ИНФОРМАЦИЈА НА ГРАЃАНИТЕ**
**26 фев - 5 март 2026 Билтен бр. 624**

# СО ПОЛОЖУВАЊЕ НА СВЕЖО ЦВЕЌЕ, ОПШТИНА КАРПОШ ЈА ОДБЕЛЕЖА 22-ГОДИШНИНАТА ОД СМРТТА НА БОРИС ТРАЈКОВСКИ

**Трачлена делагација од Општина Карпош, предводена од градоначалникот Сотир Лукровски, денеска положија свежо цвеќе пред спомeникот на загинатиот поранешен претседател на Република Северна Македонија, Борис Трајковски, по повод 22-годишнината од трагичната авионска несреќа.**

**Трајковски почина на 26 февруари 2004 година, во македонскиот владин авион на патот кон економската конференција во Мостар, Босна и Херцеговина, заедно со уште осум делегати.**



# ЛУКРОВСКИ ДАДЕ ОТЧЕТ ЗА 100 ДЕНА

**Карпош се враќа на мапата на функционални општини – засилени комунални активности и нова инфраструктурна динамика**

**(Скопје, 26.02.2026) – Сто дена посветени на враќање во редот на секојдневните комунални прашања, чистење на депонии, стабилизирање на системите и поставување основа за поодржлив развој, се резултатите на првите денови од работата на градоначалникот на Општина Карпош, Сотир Лукровски.**

**Градоначалникот посочи дека првите 100 дена ја вратил комуникацијата со граѓаните, транспаретноста и го вовел граѓанскиот буџет, со цел жителите активно да учествуваат во креирањето на локалните политики.**

**„Карпош мора да биде чиста, функционална и организирана општина. Работата започнува од основните приоритети, од јавниот простор, од безбедноста и од условите во училиштата, затоа што токму таму граѓаните најдиректно го чувствуваат квалитетот на локалното управување. Кога ќе се воспостави ред во овие сегменти, се создава стабилна основа врз која може да се планира одржлив развој, подобра инфраструктура и поквалитетни услуги за сите жители“, изјави Лукровски.**

**Еден од првите фокуси беше животната средина и состојбата со дивите депонии. Во повеќе делови од општината се расчистени запоставени локации, меѓу кои и просторот кај СЦ „Борис Трајковски“, како и неколку точки во Бардовци. Само на потегот кај „Скупи 5“ и на патот кон Бардовци беа подигнати над 3.500 кубни метри отпад. Од редовните активности се секојдневните активности за подобрување на осветлувањето, редовната дератизација и одржување на противпожарната и хидрантската инфраструктура во училиштата и градинките.**
**“Проблемите, евидентно, биле оставани да се решаваат сами од себе. Реално со години немало значајно помрдување и ефективна реализација, а транспаретноста на општината не беше на некое завидно ниво. Токму ова е еден од нашите приоритети бидејќи Карпош заслужува одговорни и транспарентни активности и ефикасно спроведување на проекти. Оваа година одбележуваме 50 години од основањето на Општина Карпош и ние мора да го вратиме имиџот на општината која е во срцето на градот, а со неа се однесувале како да е последна во градот“, – изјави градоначалникот Сотир Лукровски.**

**Со почеток на мандатот, започнат е процесот на нова инфраструктурна динамика. Во тек е изградба на мултифункционална спортска сала во ООУ „Димо Хаџи Димов“, реконструкција на спортското игралиште во ООУ „Владо Тасевски“, подготовка на теренот за изградба на спортска сала во ООУ „Братство“, како и повеќе улични реконструкции во општината. Во населбата Бардовци се работи на канализациската мрежа, во завршна фаза е реконструкцијата на градинката „Мајски цвет“ за која наследивме нецелосен проект кој што не ги задоволуваше стандардите и бевме принудени веднаш да реагираме, соодветно да постапиме и итно да обезбедиме дополнителни средства за реализација со цел задоволување на сите потребни стандарди на објектот со примарен фокус – безбедност на децата, а во тек се подготвителни активности за изградба на новата градинка „Пролет – Канела“. Општината реализира и субвенции за покриви и лифтови со што директно се подобруваат условите за домување на нашите жители.**

Со отстранување на хаварисани возила вратени се во функција зелените површини и ослободени се повеќе од 150 паркинг места, се спроведоа контроли за узурпација и се започна со постапки за рушење бесправно изградени објекти, а воспоставен е и систем за собирање и рециклирање на отпаден текстил.

Во образованието, пренасочени се средствата за протоколарни трошоци во покривање на комуналните обврски на училиштата и подобрување на условите за учениците. Поддржани се меѓународни образовни соработки, доделени се награди за ученици и ментори, а преку проекти како Erasmus+ GREENARIUM се поттикнува практично и еколошко образование.

Во социјалната сфера, поддршката е насочена кон семејствата и ранливите категории. Доделени се субвенции и ваучери за новороденчиња, еднократна финансиска помош за лица во социјален ризик и лица со попреченост, како и поддршка за Црвениот крст Карпош. Општината објави и јавни повици за поддршка на спортски и културни иницијативи, а започнати се и активности за завршување и пуштање во употреба на Базен Карпош.

Во периодот што следи, ќе се отвори Младински центар во Карпош. Локалната самоуправа ќе овозможи простор со големина од 270 м2 за младите лица на возраст од 15 до 29 години, каде ќе се јакнат нивните индивидуалните вештини за вработување, преку организирање на креативни работилници и други техники за унапредување на формалното и неформалното образование.

Во рамките на спортската сала „Партизан“, ќе функционира канцеларија на Ресурсниот центар – Карпош. Основната дејност на Центарот ќе биде здружено делување преку вмрежување и аплицирање на проекти кои би биле од нивни интерес, како и од интерес на локалната самоуправа и на граѓаните.

„Ова е само почеток. Нашата цел е Карпош да стане пример за функционална локална самоуправа што работи транспарентно, одговорно и во интерес на секој жител“, – истакна градоначалникот.

Лукровски посочи дека отчетноста ќе остане редовна пракса и дека општината ќе продолжи транспарентно да ги информира граѓаните за сите реализирани активности и идни чекори.

## 100 ДЕНА ОТЧЕТ

**Нема изговори. Има бројки.**

**100 дена во Карпош не беа период на најави, туку на работа.**

**Во овој период се врати редот таму каде што најмногу недостигаше – во јавниот простор, во комуналната хигиена и во инфраструктурата. Расчистени се диви депонии и отстранети над 3.500 кубни метри отпад од 15 микро локации, подигнати се над 100 паднати дрва, ослободени се повеќе од 150 паркинг места, а направени се над 50 интервенции на јавното осветлување.**

**Паралелно започнаа инфраструктурни проекти, инвестиции во училиштата и поддршка за семејствата и ранливите категории.**

**Во сите 14 урбани заедници се одржаа средби со граѓаните и беше воведен граѓански буџет.**

**Ова се првите 100 дена. Темелите се поставени. Карпош продолжува напред.**



# ООУ „ВЛАДО ТАСЕВСКИ“ ЌЕ ДОБИЕ СОВРЕМЕНО СПОРТСКО ИГРАЛИШТЕ

**Во тек се градежните активности за целосна реконструкција на постојното спортско игралиште во училишниот двор на ООУ „Владо Тасевски“, во урбаната заедница „Кузман Јосифовски-Питу“ (во населбата Козле). Реконструкцијата ќе опфати вградување на нов тампон, асфалт и рабници. Зафатнината на игралиштето изнесува 600 метри квадратни, а изведувач на работите е фирмата ДПГТТУ „Филип Инженеринг“ ДООЕЛ. Вредноста на проектот е 1.842.452 денари. Во зависност од временските услови, се очекува спортското игралиште да биде пуштено во употреба кон крајот на март или почетокот на месец април.**

**Ова училишно спортско игралиште, долги години беше во незавидна состојба и со реконструкцијата, учениците од основното училиште „Владо Тасевски“ ќе можат да ги извршуваат своите физички активности на квалитетено надворешно спортско игралиште, но и помладите генерации од населбата Козле ќе добијат современ спортски терен на кој ќе може да спортуваат и да се рекреираат.**

**Општина Карпош и во иднина ќе вложува финансиски средства во реконструкција, ревитализација и осовремување на спортските игралишта во рамките на училишните дворови во основните општински училишта, се со цел , учениците и младите да имаат модерни, квалитетни и функционални спортски терени кои ќе ги користат за спорт и спортски активности.**



## 100 ДЕНА – ЖИВОТНА СРЕДИНА

**Чист Карпош не е слоган. Тоа е работа на терен.**

**Во првите 100 дена се расчистени диви депонии на повеќе локации, целосно е исчистен просторот кај СЦ „Борис Трајковски“, а на потегот кај „Скупи 5“ и кон Бардовци  се подигнати над 3.500 кубни метри отпад.**

**Повеќе од 50 реализирани интервенции на јавното осветлување, спроведена е редовна дератизација и одржување на противпожарната инфраструктура во училиштата и градинките.**

**Објавен е повик за стерилизација на улични мачки, а во училиштата започнаа активности за производство на компост и намалување на аерозагадувањето.**

**Редот започнува од основните работи. И таму не правиме компромис.Советот даде „зелено светло“ за Одлуката со која се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје, за вршење на  стручно-административни работи од областа на инспекцијата, во делот на донесување и спроведување на актите за отстранување на бесправно изградените објекти на територија на локалната самоуправа. Имено, Град Скопје во остварувањето на оваа едногодишна соработка ќе учествува со обезбедување на финансиски средства за отстранување на бесправно изградените објекти, при што работите ќе ги изведува Јавното претпријатие „Улици и патишта“ – Скопје.**



## 100 ДЕНА – ИНФРАСТРУКТУРА

**Карпош влезе во нова инфраструктурна динамика.**

**Започна изградба на мултифункционална спортска сала во ООУ „Димо Хаџи Димов“, во тек е реконструкција на игралиштето во ООУ „Владо Тасевски“, а во повеќе населби се реализираат улични реконструкции.**

**Во Бардовци се работеше на фекална и атмосферска канализација, а во завршна фаза е реконструкцијата на градинката „Мајски цвет“. Подготвуваме и изградба на новата градинка „Пролет – Канела“.**

**Реализирани се и субвенции за покриви и лифтови, со што директно се подобруваат условите за домување.**

**Инфраструктурата не е декларација. Таа се гледа на терен.**

## 100 ДЕНА ОТЧЕТ- ОБРАЗОВАНИЕ И МЛАДИ

**Во првите 100 дена приоритет беа условите во училиштата.**

**Средствата за репрезентација се пренасочени за покривање на комуналните обврски во училиштата, со цел подобри услови за учениците и наставниците. Инвестирано е во нов мебел и опрема, а доделени се награди за најдобрите ученици и ментори.**

**Поддржани се меѓународни образовни соработки, реализирани се активности во рамки на Erasmus+ GREENARIUM, поставена е ботаничка градина и организирани се едукативни работилници.**

**Карпош вложува во младите затоа што тука се гради иднината.**

# ОСНОВЦИТЕ ОД „АВРАМ ПИСЕВСКИ“ ФОРМИРАА ЕКОЛОШКИ КЛУБ

**Со цел унапредување на еколошкото образование преку практично учење, во рамки на основното училиште „Аврам Писевски“ беше реализиран Проектот „Зелено образование за еколошки свесни генерации“. Оваа иницијатива беше поттикната од потребата за зголемување на еколошката свест кај учениците, како и подобрување на условите за современо образование за заштита на животната средина. Во таа насока беше воспоставена соработка помеѓу училиштето, наставниците, родителите и локалната заедница. Притоа е формиран и Еко-клуб во чиј состав активно учествуваат ученици кои се вклучени во едукативни и практични активности поврзани со екологијата. Во тој поглед беа организирани работилници на кои се говореше за значењето на биодиверзитетот, одржливите практики и грижата за растенијата.**

**Во училишниот двор е изработена и метална конструкција со плексиглас, како основа за идната ботаничка градина која ќе им послужи на основците од Бардовци. Со тоа е создаден простор за искуствено учење и практична настава на отворено. Проектот овозможува учениците да развиваат одговорност, тимска работа и активен однос кон заштитата на природата. Тековните активностите придонесоа за зголемена мотивација кај учениците и поголема вклученост на заедницата. На овој начин се создава одржлива основа за понатамошен развој на ботаничката градина и долгорочно еколошко образование во училиштето.Советот даде „зелено светло“ за Одлуката со која се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Град Скопје, за вршење на  стручно-административни работи од областа на инспекцијата, во делот на донесување и спроведување на актите за отстранување на бесправно изградените објекти на територија на локалната самоуправа. Имено, Град Скопје во остварувањето на оваа едногодишна соработка ќе учествува со обезбедување на финансиски средства за отстранување на бесправно изградените објекти, при што работите ќе ги изведува Јавното претпријатие „Улици и патишта“ – Скопје.**



## 100 ДЕНА – СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА, КУЛТУРА И СПОРТ

**Поддршката беше насочена таму каде што е најпотребна.**
**Во првите 100 дена се доделени субвенции и ваучери за новороденчиња , обезбедена е еднократна финансиска помош за семејства во социјален ризик и лица со попреченост, како и поддршка за Црвениот крст Карпош.**

**Објавени се јавни повици за спортски и културни проекти , реализиран е Училишниот спортски куп, а започнати се и подготвителни активности за проектот Базен Карпош.**

**Карпош гради систем на поддршка, не привремени решенија.**

## СТАРТУВАШЕ ПРОЛЕТНИОТ ДЕЛ ОД СПОРТСКИТЕ УЧИЛИШНИ ИГРИ ПРИ ОПШТИНА КАРПОШ

**Со силен натпреварувачки дух и спортска енергија, денеска започна пролетниот дел од училишните спортски лиги во Општина Карпош. Во претстојниот период, спортските терени и сали ќе бидат исполнети со динамични натпревари за учениците од основните училишта – момчињата ќе се натпреваруваат во фудбал и кошарка, а девојчињата во одбојка.**

**Пролетниот дел носи нов натпреварувачки ритам, па останува да видиме дали есенските прваци ќе успеат да ги задржат своите лидерски позиции или пак ќе се појават нови спортски изненадувања до крајот од овогодишните општински училишни игри. Повторно се очекуваат натпревари исполнети со квалитет, неизвесност и спортска страст, каде учениците од карпошовите основни училишта ќе ја покажат својата борбеност и тимски дух.**

**Оваа манифестација, организирана од Одделението за спорт и култура при Општина Карпош, со повеќегодишен континуитет ги обединува десетте основни училишта од општината, со што нашата општина уште еднаш ја потврдува својата заложба за промоција на спортот и здравите навики кај младите.**

## ПОВТОРНО СЕ ЧИСТИ ДЕПОНИЈАТА КАЈ СЦ„БОРИС ТРАЈКОВСКИ“

**Градоначалникот Сотир Лукровски и директорот на СЦ „Борис Трајковски“, Данијел Апостолоски, денеска беа на увид во комуналните активности кои се одвиваа во непосредна близина на спортскиот објект во населбата Карпош 3.**

**Инаку, овој простор е постојана мета на несовесните граѓани, кои го одложуваат крупниот и кабастиот отпад на оваа локација. За таа намена Општина Карпош постојано го чисти овој простор, но за поголема ефикасност ја огради локацијата на која постави и рампа со официјално известување за забрана на одложување на отпадот. И покрај сите апели на локалната самоуправа за одржување на чистата околина, несовесни граѓани ја отстраниле рампата и продолжиле да го одложуваат отпадот на таа локација, по што Општината веднаш реагираше со детална акција за расчистување на просторот. Со оглед на тоа што овој проблем се провлекува повеќе години низ историјата на карпошани, градоначалникот Сотир Лукровски и директорот Данијел Апостолоски разгледуваат повеќе предлози за конечно надминување на овој горлив проблем.**

## 100 ДЕНА – ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА

**Карпош не работи изолирано. Карпош гради систем.**

**Во првите 100 дена создадовме основа за отварање на Ресурсен центар и Младински центар, како нови точки за поддршка и развој. Поднесени се апликации за грантови за модернизација на механизацијата, набавка на специјализирана опрема и подобро одржување на јавните површини.**

**Остварена е активна соработка со министерствата и институциите, а започнати се подготовки за унапредување на квалитетот на административното работење и понатамошна дигитализација.**

**Поставени се темели за поефикасна, поорганизирана и поодговорна локална самоуправа.**

# ЗАВРШНИЦА НА ЦИКЛУСОТ ОД ПСИХО-ЕДУКАТИВНИТЕ РАБОТИЛНИЦИ ПРИ ОПШТИНА КАРПОШ

**Со поддршка од Општина Карпош, беше реализирана завршната психо-едукативна работилница, организирана од приватната болница „Аџибадем Систина“. На почетокот од работилницата се обрати д-р Камелија Симеонова, специјалист по детска и адолесцентна психијатрија и главниот промотор на психоедукативните работилници.. Како главен пример таа го нагласи предизвикот со кој наставниците се соочуваат при одржување на вниманието кај учениците, а истовремено го сподели своето гледиште за притисокот што современите родители го чувствуваат во нашето општество и ја нагласи потребата од психоедукативен образовен модел.**

**Во рамки на работилницата, присутни беа и експертите д-р Верица Малинкова Димовска, специјалист по психијатрија и дефектологот м-р Бољетин Зенуни од приватната болница „Аџибадем Систина“. Тие ја збогатија и надополнија стручната обука, со цел психо-едукативниот процес поефикасно да се применува во основните училишта.**

**На денешната психо-едукативна работилница, активно учество имаа наставниците и стручните служби од четири основни училишта: ООУ „Петар Поп Арсов“, ООУ „Војдан Чернодрински“, ООУ „Вера Циривири Трена“ и ООУ „Лазо Трповски“. Размената на искуства помеѓу учесниците резултираше со донесување заклучоци насочени кон практичната примена на психо-едукативниот процес во основните училишта. Предавањето во рамки на работилницата овозможи размена на знаења и примери, насочени кон унапредување на практиките во областа на менталното здравје особено кај учениците од основните училишта.**

**Во рамките на обуката беше нагласена потребата од континуирана соработка со стручни лица и навремена поддршка од здравствените установи. Посебен акцент беше ставен на психоедукацијата како средство за зајакнување на наставниот кадар кој секојдневно се соочува со комплексни предизвици.**

**Со реализираните психо-едукативни работилници, Општина Карпош ја потврди својата определба за континуирана поддршка и унапредување на професионалните капацитети во основното образование.**



# СУБВЕНЦИИ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ВОЗАЧКИ ДОЗВОЛИ ЗА МЛАДИТЕ КАРПОШАНИ

**Градоначалникот на Општина Карпош Сотир Лукровски во својот кабинет го потпиша договорот со претставниците на авто-школите кои ги исполнија условите, претходно утврдени со јавниот повик објавен од страна на Општината, за давање на субвенции во процесот на полагање за стекнување на возачка дозвола од Б-категорија на младите жители од Општина Карпош. Право на учество во процесот ќе имаат младите лица кои во 2026-тата година ќе наполнат 18 години односно, се родени во 2008-та година, по претходно утврдени и наведени критериуми во јавниот повик, од страна на локалната самоуправа.**

**Почнувајќи од петок (06.03.2026-та година), младите карпошани ќе може да аплицираат на јавниот повик објавен од Општина Карпош за субвенционирање за полагање на теоретски и практичен дел од процесот на стекнување на возачка дозвола од Б категорија. На 03-ти февруари, оваа година, беше објавен јавниот повик за избор на авто школи. На истиот се пријавија шест авто школи од кои пет ги исполнија условите пропишани во јавниот повик. Станува збор за „ Друштво за сообраќајна едукација АВТО ШКОЛА СМАРТ ДООЕЛ Скопје “, „Друштво за спроведување и оспособување на кандидати за возачи АВТО ШКОЛА МОБИЛИТИ ПЛУС ДООЕЛ Скопје-АМСМ “, како и авто школите „ Друштво за промет, услуги и сообраќајно воспитување ТРИМОСКИ ДООЕЛ Скопје“„ Друштво за сообраќај, промет и обука на возачи СОФИ СКУЛ ДООЕЛ Скопје“, како и „ Друштво за туризам,транспорт и услуги БОБИ ЕМ ДООЕЛ Скопје“.**

**Локалната самоуправа и во идниот период, ќе субвенциониира и финансира и други проекти од разни сфери и области, со кои ќе им се подобри квалитетот на животот на младите карпошани.**



# ПОДИГНАТ МЕШАН ОТПАД ОД ДЕПОНИИ ВО БАРДОВЦИ И ЗЛОКУЌАНИ

**Општинските служби задолжени за одржување на чистотата во Карпош, интензивно и секојдневно работат на расчитување и одржување на јавните површини. Во текот на минатата недела службите го чистеа теренот во урбаните заедници Злокуќани и Бардовци на повеќе локации при што е подигната значајна количина на шут и ѓубре од неколку мини депонии. При секојдневните активности за чистење беа опфатени и дел од улиците и јавниот простор во овие населени места сè со цел хигиената и чистотата да бидат на задоволително ниво за нашите жители.**

**Ваквите акции за чистење на јавниот простор во Општина Карпош се дел од секојдневните работни активности на службите за одржување на хигиената и во наредниот период етапно ќе се чистат и останатите површини на наша територија.**





## ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИ ЛИЦА ЗА ЧЛЕНУВАЊЕ ВО СОВЕТ ЗА ПОДДРШКА НА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО НА ОПШТИНА КАРПОШ

**Повеќе инфо на www.karpos.gov.mk**



# ПРОДОЛЖУВА АКЦИЈАТА ЗА ПОДИГАЊЕ НА ХАВАРИСАНИ ВОЗИЛА ОД ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ ВО КАРПОШ

**Во соработка со колективниот постапувач – Друштво за управување со отпад „ГРЕЕН РОАД “ДООЕЛ Скопје, Општина Карпош продолжи со акцијата за подигнување на стари отпадни возила без регистарски таблички, кои се наоѓаат на територијата на локалната самоуправа.**

**Согласно позитивните законски прописи, Општината со соодветна налепница ги информира сопствениците за нивната законска обврска да ги дислоцираат возилата од односната локација. По истекување на рокот, Општина Карпош во корелација со овластениот колективен постапувач, го извршува дислоцирањето на возилата.**

**Повторно апелираме до сите граѓани кои поседуваат ваков тип на возило и на кое веќе е залепена налепница и е спроведена инспекциска постапка од страна на официјалните инспекциски служби од Општина Карпош, да ги отстранат своите возила. Доколку не го сторат тоа, возилата ќе бидат отстранети на трошок на сопствениците и ќе бидат транспортирани во собирен центар-депо, каде што ќе бидат оставени седум дена, а потоа ќе бидат однесени на рециклирање. Акцијата ќе продолжи се до конечно подигнување и отстранување на сите отпадни возила од територијата на локалната самоуправа.**

